Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 14-3997/1
11-04-2025 20___ год.-viti
Скопје-Shkup

# Влада на Република Северна Македонија

**Министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030**

## ЗАПИСНИК

Од првиот работен состанок на членовите на Работната група за преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел Бараки во Општина Велес

Работниот состанок на членовите на Работната група за преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел Бараки во Општина Велес (во понатамошниот текст: Работната група), се одржа на 27 март 2025 година во 11.00 часот, во сала бр.3 во Владата на Република Северна Македонија.

На состанокот присуствуваа:

- Ајдоган Демири - Кабинет на министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: МИСР), претседател на Работната група;
- Љубица Томиќ - Кабинет на МИСР, заменик претседател на Работната група;
- Маја Ралевска - Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, член;
- Горан Ѓуровски - Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката, член;
- Сенада Дурмишовска - претставник на Општина Велес, член,
- Елез Елезовски - Кабинет на МИСР,
- Бранка Јакимовска - Кабинет на МИСР, записничар.

Состанокот го отвори претседателот на Работната група, Ајдоган Демири кој на самиот почеток за записничар на состанокот ја предложи Бранка Јакимовска, вработена во Кабинетот МИСР. **Предлогот беше усвоен.**

За овој состанок на Работната група беше предложен следниот

ДНЕВЕН РЕД:

1. Претставување и запознавање со членовите од Работната група,
2. Подготовка на план за дејствување,
3. Разно.

По усвојувањето на Дневниот ред, претседателот на Работната група ги информираше присутните дека претставникот на Министерството за транспорт, Сузана Камчевска, која е, исто така, член на оваа Работна група, претходно го најавила своето отсуство, но ќе ѝ биде доставен примерок од Записникот од состанокот.

Претседателот ја потенцираше целта на формирањето на оваа Работна група и нејзините задолженија, а тоа се преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел Бараки во Општина Велес, со што членовите и претходно беа запознаени.

По **првата точка**, се претставија членовите на Работната група.

По однос на **втората точка**, согласно препораките дадени во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Работната група изготви план со реални рокови и ги донесе следните заклучоци:

1. По претходно добиена согласност (во писмена форма) од страна на Министерството за транспорт, која треба да ја достави и до претседателот на Работната група, Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката, во најскор можен рок ќе пристапи кон обновување на договорите за закуп.

   Од страна на Горан Ѓуровски беше истакнато дека, во однос на обновувањето на договорите за закуп, наишле на спор за обновување на договорите за три бараки и тоа: барака бр.8, барака бр.9 и барака бр.12. Потребно е во најскор рок да се изнајде решение за овој спор и да им се обноват договорите за закуп на лицата кои живеат во тие бараки.

2. Во однос на реновирањето на бараките, со оглед на тоа дека веќе е во тек постапката за избор на фирма за тековно инвестиционо одржување, веднаш по изборот, по налог на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката, ќе се излезе на терен и ќе се пристапи кон отстранување на дефектите што ќе се детектираат, а во рок од една година и континуирано ќе ги одржува со цел да овозможи соодветни и безбедни услови за домување на жителите.

3. Имајќи предвид дека постоечката локација на која се наоѓаат објектите (бараките) во Општина Велес, според ДУП-от е со намена (Д3) заштитно зеленило, Општина Велес, во соработка со Министерството за транспорт и Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката, треба да донесе соодветни мерки за трајно решавање на прашањето на домување на жителите од населбата Тунел Бараки, односно да одреди локација наменета за колективно домување (А2), каде би се изградиле социјални станови со што трајно ќе се реши проблемот со домувањето на жителите од населбата Тунел Бараки.

4. Се препорачува Општина Велес да донесе стратегија за социјална инклузија, планови за нејзино спроведување и соодветен буџет, во која ќе предвиди мерки за унапредување на состојбата и на жителите Роми од населбата Тунел Бараки, во рок од 6 месеци.

Покрај заклучоците, во рамки на втората точка беа изречени и следните задолженија:

1. Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката, во најскор можен рок, да го достави до Работната група документот за согласност на Министерството за транспорт за обновување на договорите за закуп;

2. Општина Велес, до Работната група, во најкус временски рок да достави детални податоци за локацијата на која се наоѓаат живеалиштата во населбата Тунел Бараки, според ДУП-от на Општина Велес.

3. Општина Велес, до Работната група, да го достави планот за социјална инклузија на Ромите од населбата Тунел Бараки, што и беше зададено како препорака од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во најскор можен рок.

Состанокот заврши во 13.00 часот.

| Изготвил: | Претседател: |
| --- | --- |
| Бранка Јакимовска | Ајдоган Демири |

Доставено до:

- Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија
- Министерството за транспорт
- Општина Велес
- Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката